СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шеснаесеттата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 5 април 1995 година

Скопје, април 1995 година

## СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ НА 16-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ, ОДРЖАНА НА 5 АПРИЛ 1995 ГОДИНА


1. АНДОВ СШОЈАН - 3, 4, 8, 9, 51
2. АРСОВСКИ БРАНКОН - 6, 34
3. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД -11
4. АБДИ ФАИК - 45, 46, 47
5. БУЗЛЕВСКИ ДИМИТАР - 17, 23, 27, 30, 36, 54, 55, 56, 57
6. БЕЛИЧЕВ ЉУПЧО - 48
7. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 49, 50, 51
8. ДАМЕВСКИ СЛОБОДАН -15
9 . КОТЛАР МАРИЈАН -40, 42
10. КОТЕВСКИ СЛАВКО - 33
11. КАРОВ ЗВОНКО - 19
12. КАРОВ ИЛИЈА -19
13. ЛАЗАРОВ ЈОВАН - 29
13. МАДИЌИ НАЗМИ - 42
14. МЕШКОВ ЉУПЧЕ - 58
15. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 22, 24
16. НЕНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 66 (зам.гувер.на нб)
17. ПОПОВСКИ ВЛАДО - 37, 59
18. ПОПОВСКИ Г. НИКОЛА - 7, 8, 9
19. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР- 4
20. ПОПОВСКИ ДИМИТАР - 18
21. ПАУНОВ ТЕОДОСИЕ - 26
22. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 65
23. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 25
24. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ – 7
25.СТОЈКОВСКИ БЛАГОЈ - 15
26. СОКОЛОВСКИ ЗДРАВКО - 20
27. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 25
28. ТАХИРИ МЕВМН - 10, 32
29. ТРАЈАНОВСКА НИКОЛИНА - 12
30. ТАЛИМЏИОСКИ ПЕТАР - 13
31. ТРИПУНОВСКИ МИРКО - 28
32. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 43
33. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 26
34. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 43

дневен ред:стр.5
точка 1 на стр.47
точка 2 на стр.53
точка 3 на стр.58
точка 4 на стр.62
точка 5 на стр.63
точка 6 на стр.64
точка 7 на стр.64
точка 8 на стр.65
точка 9 на стр.67
точка 10 на стр.68
точка 12 на стр.68
точка 12 на стр.69
точка 13 на стр.69


КРАЈ

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Шеснаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 април 1995 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала I, со почеток во 12,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници,

Ја свикувам Шеснаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Наум Симјановски, Борис Костаќев, Ванчо Чифлиганец, Илинка Митрева и Љубомир Чадиковски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети: претседателот на Република Македонија, г-дин Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет и гувернерот на Народната банка на Република Македонија.

Записникот од Четиринаесеттата седница на Собранието и дополнувањето ви се доставени, односно поделени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записникот?

(Нема).

Констатирам дека записникот од Четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија е усвоен без забелешки.

I/2.- СП/МЛ

Комисијата за финансирање и буџет предлага расправата по 1. Годишниот извештај на Народната банка на Република Македонија за 1993 година, 2. Извештајот за извршените контроли и за преземените мерки од страна на Народната банка на Република Македонија во 1993 година,3. Извештајот за девизните резерви на Република Македонија во 1993 година, 4. Извештајот за остварување на монетарно - кредитната политика и економско - финансиските односи со странство во првото полугодие од 1994 година, 5. Извештајот за остварување на средствата од игрите на среќа што ги приредува Лотарија на Македонија за 1993 година и 6. Извештајот за работата на Службата на општественото книговодство во Република Македонија во 1993 година да заврши во работните тела на Собранието.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака? (63 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).
Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратениците Насер Зибери, Назми Маличи и Мевљан Тахири предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Информација на Владата на Република Македонија по повод последните настани во Казнено - поправниот дом "Идризово".

Предлогот е доставен до Владата.

Владата на Република Македонија до денес нема доставено информација.

Го молам претставникот на Владата да се_произнесе.

Има збор министерот за правда Владо Поповски.

I/3.-

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Владата го разгледа ова барање и заклучи дека пратениците можат да постават пратенички прашања, а Владата би изготвила информација доколку е тоа барање од пратениците Собранието да донесе заклучок за поднесување на таква информација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас треба сега да го растолкувам тоа. Според тоа, Владата е подготвена да изготви информација, но не е подготвена информацијата да ја достави како точка на дневен ред за да се води расправа ако во посебна постапка Собранието не заклучи дека инсистира за тоа да се води расправа. Тоа е одговорот на Владата, бидејќи немаме информација, не можеме да ставиме на дневен ред.

Комисијата за култура предлага на оваа седница Собранието да расправа по Информација на Владата за состојбите и проблемите во областа на културата и решенија за нивно надминување.

Предлогот е доставен до Владата.

Владата на Република Македонија до денес нема доставено информација.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Очигледно Владата не изготвила информација и ние денеска не можеме да ја уврстиме на дневен ред, Владата на првата наредна седница на Собранието да заземе став ко} ќе ни го изложи овде да знаеме како да постапиме.

Пратеникот Вељо Тантаров достави барање за изготвување информација за проблемите во врска со откупот, откупните цени и исплатата на тутунот од бербата во 19 94 година, со предлог таа да биде разгледана на седница на Собранието.

Владата на Република Македонија ја достави бараната Информација која ви е доставена.

Кој е за предлогот Информацијата да се разгледа на оваа седница, молам да крене рака? (15 пратеници).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Ве молам, сите пратеници ја имате Информацијата на располагање и во своето делување можете да се користите со неа.

Процедурално бара господинот Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Јас би сакал да го информирам Собранието дека на состанокот на пратеничката група на СДСМ во врска со ова барање од страна на нашиот пратеник Вељо Тантаров за ставање на дневен ред на точката во врска со откупот на тутунот во нашата држава, договорено е да не оди на оваа седница како што се изјаснивме, меѓутоа, став е тоа да оди на наредната прва седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние заклучивме да не оди и Собранието така изгласа, а за да оди на наредната седница ќе си предложите да оди инаку нема Овде се заседе став да не оди, а вие да си предложите.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата пред- лага на оваа седница да се разгледа Предлогот на одлуката за избор на членови на Одборот за одбележување на 50-годишнината од основањето на Организацијата на Обединетите Нации.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Кој е за предлогот да се уврсти оваа Предлог - одлука на дневен ред, молам да крене рака? (71 пратеник).

I/5.-

Дали е некој против? (Не е).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за комунални такси, со Предлог на закон;

2. Предлог за донесување на закон за Дирекцијата за цивилна - воздушна пловидба, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за судските такси, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за просветната инспекција;

5. Предлог на одлука за потврдување на Годишната сметка на Народната банка на Република Македонија за 1993 година;

6. Предлог на одлука за потврдување на Финансискиот план на Народната банка на Република Македонија за 1994 година;

7. Предлог на одлука за потврдување на Годишната сметка на Народната банка на Република Македонија за 1994 година;

8. Предлог на одлука за потврдување на Финансискиот план на Народната банка на Република Македонија за 1995 година;

9. Предлог на одлука за објавување избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија;

10. Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Заводот за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид "Димитар Влахов" - Скопје;

11. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Техничкиот факултет во Битола;

12. Предлог на одлука за именување членови на Комисијата за утврдување предлог на можни кандидати за декан на Техничкиот факултет во Битола;

13. Предлози за разрешување на судии на Врховниот суд на Република Македонија.

14. Предлог на одлука за избор на членови на Одборот за одбележување на 50-годишнината од основањето на Организацијата на Обединетите Нации.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на дневниот ред?

Има збор господинот Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Мислам дека би требало да отпадне точката 10 заради тоа што, ако се сеќавате, на претходната седница донесовме Закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита и таму прецизиравме на кој начин се врши избор на директор на една од социјалните институции. Во таа смисла мислам дека Одлуката која ни е предложена под десеттата точка е во колизија со тој закон што го донесовме за измени и дополнувања на тој закон. Во таа смисла предлагам оваа точка да отпадне, бидејќи постапката и именувањето на директорите министерот предлага Владата•да го утврдува директорот односно Владата го избира директорот. Тоа е дилема, ако имаме некое дополнување добро е претседателот на Комисијата да го дообјасни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние мораме да го прашаме предлагачот.

Има збор господинот Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Во секој случај одредбите од законот ќе се применуваат од денот кога законот влегува во сила. Со оглед на тоа што оваа постапка е почната во оваа организација многу порано по одредбите на претходниот закон, а новиот закон не ја решава таа ситуација во преодните и завршните одредби, оваа постапка би требало да заврши на начин како е почната по одредбите на законот кога е почната постапката, а тоа што зборувате вие за сите идни решенија ќе се подведат под сила на овој закон. Не е на одмет денеска да биде на дневен ред оваа точка, а евентуално ако преодните и завршните одредби од законот не го разрешуваат овој проблем, да се постапи на начин како што е почната постапката и така да се докрајчи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, го слушнавме предлагачот.

Имаме предлог од господинот Арсовски точката 10 да се симне од дневен ред.

Кој е за, молам да крене рака?

Пратеникот Арсовски го повлекува предлогот.

Дали има друг предлог за изменување и дополнување на дневниот ред?

Има збор господинот Поповски.

**НИКОЛА Г . ПОПОВСКИ:**

Ова Собрание пред неколку минути усвои препорака од Комисијата за финансирање и буџет како своја одлука да не гледа еден

дел од точките кои се таму наведени како точки на дневен ред, бидејќи се однесуваат за 1993 година која е измината поодамна. Претседателот не отвори расправа по секоја точка поединечно, така што бевме доведени во позиција да се изјасниме или не без да извлечеме некоја аргументација.

Јас би сакал сега по таа точка да вратам дел од расправата, доколку дозволи претседателот, доколку процедурално е можно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

По која точка.

**НИКОЛА Г.ПОПОВСКИ:**

По точките кои Комисијата за финансирање и буџет ги предложи да не ги гледа ова Собрание, туку да завршат со гледање на Комисијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Веќе се изјаснивме за тоа.

**НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ :**

Не, јас би предложил ако имам процедурално право по по- вод тие точки дел од нив да се стават на дневен ред на оваа седница

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе мора во нова постапка на друга седница. За оваа по тие точки Собранието заседе став.

**НИКОЛА Г.ПОПОВСКИ:**

Јас се извинувам, Собранието заседе став тие точки воопшто да не ги гледа, а не само на оваа седница.

I/9.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да.

**НИКОЛА Г . ПОПОВСКИ:**

Епа јас би сакал сега да предложам една од тие точки да се гледа на оваа седница. Мислам дека не беше дадено соодветно образложение од Комисијата и дописот е навистина од технички карактер само дека не ги прифаќа, а мислам дека ние и по законот некои од тие точки сме должни да ги гледаме на оваа седница. Веројатно сите по законот, меѓутоа, јас лично би дал предлог за една точка од тие да се стави на дневен ред на оваа седница и Собранието во редовна процедура да ги гледа, иако се однесува за извештај за 1993 година. Доколку процедурално може.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве, имам и стручно објаснување дека на оваа седница тоа не може, а секоја точка може после. Не расправаме за тоа.

**НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ:**

Собранието донесе одлука не на оваа седница да не ги гледа, туку воопшто да не ги гледа на седница на Собранието и да завршат во Комисијата, што мислам дека е спротивно со законите каде се уредуваат тие точки.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кога ќе го предложите идниот пат за идната седница ќе го расправаме. Тоа ќе мине и на Комисија. Тоа ќе го кажете прво на Комисијата кога ќе биде на дневен ред.

Дали има други предлози?

Има збор господинот Тахири.

I/10.-

**МЕВЉАН ТАХИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници.

Сметам дека и Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за комунални такси треба да се симне од дневен ред, од причина што со овој закон сметам дека се даваат ингеренции на еден погрешен субјект без да се регулираат односите кои од оваа обврска што ќе произлезе треба да стапи во сила за одреденото претпријатие за електродистрибуција. Имено, тоа што ќе се собира оваа такса за осветлување не е со законот посочено какви обврски ќе има претпријатието, не само по однос на осветлувањето на населените места, односно градовите, туку и по однос на другите работи кои произлегуваат од потребата од осветлување и одржување и ред други прашања кои се битни и кои се поврзани со ова прашање.

Мислам дека законот не е добро формулиран и конципиран и дека би било добро само да излезе еден работен заклучок од ова Собрание да се пристапи кон изготвување на односи кои би ја регулирале оваа сфера.

Како битно за овој предлог сметам дека треба да се има предвид и решението сите овие средства да се собираат на едно место во претпријатието за Електростопанство на Република Македонија од каде не се јасни тие односи колку на која општина, какви проценти би се распределувале во однос на оваа материја. Поради тоа, сметам дека Предлогот на законот,треба да симне од дневен ред и да се изготви поиздржан предлог за регулирање на овие односи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој е за овој предлог да крене рака? (17 пратеници).

Констатирам дека овој предлог не е изгласан.

Дали има друг предлог? (Нема).

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака? (71 пратеник).

Дали е некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Преминуваме на поставување на пратенички прашања.

Дали некој од пратениците сака да постави прашање до Владата на Република Македонија, односно до министрите и другите функционери кои раководат со органите на управата.

Има збор господинот Ајдерага.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, почитувани пратеници. Пред неполни два месеци ова Собрание усвои Закон за изменување и дополнување на Законот за радиодифузијата, што корисниците на радиодифузни приемници се задолжени секој месец да плаќаат надомест во висина од 4% од просечната плата во стопанството во Републиката исплатено во последниот месец, објавен од Републичкиот завод за статистика.

Поставувам прашање. Што презема Министерството за сообраќај и врски, односно организацијата МТВ за обезбедување на програма за сите три програми на сите подрачја на Републиката. Ова посебно го поставувам од аспект на тоа што поедини подрачја конкретно подрачјето на општината Дебар поради невремето што траеше овие денови пет дена немаше програма ни радио, ни телевизиска програма. Како ќе се плаќа овој надомест, кога не се гледа програма?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор госпоѓа Трајановска.

I/12.-

Се извинувам, бидејќи министерот за сообраќај и врски не е тука, на поставеното прашање од пратеникот Ајдерага да се даде писмен одговор.

**НИКОЛИНА ТРАЈАНОВСКА:**

Прашањето го поставувам до министерот за урбанизам, градежништво и човекова околина. Дали Јавното претпријатие за стопанисување со деловен простор остварува инвестиции во изградба на нов деловен простор самостојно или со некој друг субјект и со кој, каде и на која основа?

Со Законот за продажба на деловниот простор е одредено точно во кој случај постојниот деловен простор може да не биде продаден. Надвор од тие случаи целиот деловен простор треба да биде продаден. Во духот и словото на Законот не произлегува дека Јавното претпријатие за стопанисување со деловен простор ќе инвестира во изградба на нов деловен простор, а има индиции дека ова претпријатие сепак влегува во такви инвестиции.

**ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ:**

Имам три прашања. Прашањето го упатувам до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а се однесува за состојбата со типската застапеност на тутунот во Македонија. Во рамките на производството на ориенталски и ситнолисни тутуни во познатите и признатите реони на тутун се одгледуваат познатите типови: "Прилеп", "Јака" и "Џебел". Кај крупнолисните тутуни нормално "Вирџинија" и "Берлеот". Во последните години повеќе неконтролирано отколку организирано се внесуваат некои нови сорти "Илини" од кои некои се признати од поранешни сортни комисии, но дел од нив ја нарушуваат поранешната типска чистота. Производството и превземањето на тутун сметам дека не е обична купопродажба. Се јавува одбојност спрема одредени сорти и типови тутун.

Прашањето е следново, што мисли Владата, дали е направено венореонирање во Македонија за оваа година , кој тип или сорта, во кој производен реон е одреден и што се мисли за мерките за развој и воведување на нови сорти и типови на тутун, бидејќи зголемувањето на обемот на производството и неговата рационализација во голема мера се условени од типот и сортата на тутунот.

Второто прашање е упатено до министерот за финансии. Како мисли да го реши прашањето на чување на земјоделските имоти во Република Македонија? Образложението е следно. Во традиција на македонското земјоделство и полските имоти да ги чуваат полски чувари, таканаречени падари. После бројните реорганизации и реформи во нашата земја дојдовме до ситуација практично да немаме полски чувари и насилно нарушување на сопственичките права и полските имоти.

II/2.-

Постепено станува наше секојдневие. Во разговор со функционери на Министерството за земјоделство, шумарство и водостогханство утврдено е дека и тие се загрижени за состојбата што постепено настанува, но се немоќни да ја решат, бидејќи проблемот со обезбедувањето на финансиски средства за плата на падарите, односно чуварите е во надлежност на Министерството за финансии.

Третото прашање е до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство: Каков е сегашниот статус на поранешните СИЗ-ови за пасишта и како се мисли да се уреди стопанисувањето со пасиштата и да се сочува нивниот бонитет?

Образложението е следно. Сопствениците на жива стока, посебно на стадата за овци се среќаваат со бројни проблеми во обезбедувањето на летни и зимски пасишта за својата стока. Тие истовремено се должни да плаќаат за користење на пасиштата, а да се грижат за нивната состојба. Не ми е јасно каде одат парите што тие ги плаќаат за користење на пасиштата. Проблемите особено се заострија последниве години кога се влоши економската положба на овчарството. Просто исчезна пазарот за волна, извозот на јагниња е многу отежнат, а преку увоз на сирење од непроверен квалитет се создава нелојална конкуренција на домашното сирење. Заради тоа сточарите често не се во состојба редовно да ги измируваат своите обврски, па и обврските спрема СИЗ-овите за пасишта, а тие им пресметуваат огромни камати. Ваквата лоша економска положба во овчарството и несредените односи на СИЗ-овите во крајна линија можат да ја загрозат базата на нашето овчарство, посебно пасиштата. Затоа го поставувам ова прашање.

II/3.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Писмено ќе ви се одговори.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас барав процедурално прашање, а не пратеничко, меѓутоа, не бев забележан од претседателот . Се однесува за следното. Кога го донесувавме законот за ПИО , таму јас имав амандман и Бранко Ристовски на членот 3. Тој беше усвоен, а членот 8 е во функција од членот 3. Меѓутоа, во стенографските белешки запишано е дека овој амандман е повлечен, иако тој е во функција на членот 3. Сега во "Службен весник" излезе дека членот 3 е прифатен, а членот 8 не е . Според тоа барам тоа да се исправи на некој начин. Значи не е амандманот повлечен, туку јас сум мислел дека тој се содржи во членот 3 и затоа не сум барал да биде ставен на гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова не е пратеничко прашање, туку вие треба да си ги доставите своите забелешки, дали дошло до погрешно објавување, ако дошло до погрешно објавување ќе предупредите, ќе укажете и работните тела ќе го испитаат тоа и ќе видиме која е постапката натаму за да дојде до исправка. Ако не дошло до погрешно објавување, туку вие едностано сте мислеле така, а не сте интервенирале навреме, ќе треба да интервенирате со предлог за измена и дополна на Законот. Затоа тоа ќе го видите после со постапката, вие ќе го истерате.

**СЛОБОДАН ДАМЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, ќе поставам две пратенички прашања.

Првото прашање е до министерот за сообраќај и врски: Во каква состојба е пистата на Скопскиот аеродром, во чија надлежност е таа и што се презема за да се доведе во нормална состојба за да не ни се случуваат хаварии како што ги имавме.

Второто прашање е до Министерството за финансии. До кога постоечкиот систем за зафаќање дестимулативно ќе делува на развојот на стопанството, посебно на приватната иницијатива со оглед на високиот процент на оданочување.

Образложение: царина, опремата и репроматеријалите од 1 јануари 1995 година имаат дополнително зафаќање. Царина нема за ослободување од 100%, туку 80% од царинската стапка. Посебна такса и посебни давачки за даночното изразување 2 + 2% во 1994 година има целосно ослободување. Банкарска гаранција се бара за користење на член 50 и 53 од Законот за царинско работење. Личниот доход секој месец има различен износ на нето плата на која се плаќаат придонеси во услови на фиксен курс , трошоци за бруто плата се зголемува од месец во месец. Ова води кон ликвидирање на трудоинтензивните претпријатија, извозно ориентирани. Од 1 јануари 1994 година имаше 420.000 вработени, 31 декември 1994 година 395.000 вработени од кои 140.000 немаат земено плата, 25 февруари 1995 година 195.000 невработени. Бројот на работниците кои плаќаат придонес се намалува. Нема стимулации за овие што ќе имаат нови вработувања. На пример две години да се ослободат од даноци , нови вработувања освен за пензиско и здравствено осигурување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа се веќе ваши размислувања.

Да го прецизираме прашањето. Вие велите дека има зголемување на зафаќањата на приватниците кои се донесени во надлежност на Владата. Тае е прашањето.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Ќе го конципирам вака: Дали е можно зафаќањата барем приближно да се вратат на 1994 година, иако таа година не беше некоја репрезентативна.

Второто прашање, што ќе направи Владата за извозно ориентираните фирми? Мислам да не ги укинеме и оние што барем нешто даваат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Димитар Бузлевски, министер за сообраќај и врски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Прашањето се однесуваше на состојбата на пистата, во каква состојба се наоѓа таа во овој период и кои мерки се преземаат и во чија надлежност се тие мерки.

Состојбата на пистата во овој момент со последните активности кои што оваа недела беа присутни во поглед на рехабилитација на еден нејзин дел е задоволителна за одвивање на сообраќај. Станува потреба, насушна потреба од преземање на комплетни и комплексни мерки за реконструкција на пистата за што интензивно се прават подготовките и тие се насочени на следните пунктови: изработка на проект за санација на пистата со кој што проект по критериумите кои што се со проектната задача поставени, цениме дека е нужност за оваа наша држава да поставиме критериуми кои што ќе обезбедат да Аеродромот заедно со полетно - слетната патека добие третман од втора категорија, што ќе обезбеди во идниот период на тој Аеродром да слетуваат и поголеми

авиокомпании кои што за одвивање на таков вид на сообраќај поставуваат такви услови. Значи на проектната документација преку проектна задача која што е поставена интензивно се прават подготовки да се отпочне со работа, паралелно со тоа сме обезбедиле техничка помош која што изнесува 190.000 еки, која што техничка помош треба да се насочи во консалтинг служба која што треба да биде во функција на квалитетно изработување на проектна документација во фаза на главен проект кој што ќе биде реализиран. Тоа се интензивни активности кои што се надеваме дека во оваа година ќе обезбедат под услов да се заокружи финансиската конструкција или по можност да се обезбеди додатно финансирање преку ангажирање на странски кредити и реализација на оваа инвестициона активност. Да заокружам, сите наши тајминзи кои што ги имаме направено укажуваат на тоа дека ако се продолжи со овој интензитет и ако се обезбедат извори на финансирање на активностите во поглед на инвестициониот зафат писта во почетокот на октомври таа ќе биде и реализирана.

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници на правата седница кога можеше овој состав да поставува пратенички прашања, јас поставив три од кои ми е одговорено на две. Имено на прашање на Министерството за одбрана кое го поставив тогаш не ми е одговорено па затоа сега го повторувам прашањето.

Имено , што превзема Министерството за одбрана во врска со статусот на една -група граѓани на кои што не им е овозможено да направат откуп на становите во кои што живеат, а се работи за времените објекти на стар Аеродром, или населба Вардар. За ова барам писмен одговор.

II/7.-

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, имам едно прашање до Министерството за внатрешни работи, поточно до г-динот министер Љубомир Фрчковски.

Дали и какви мерки се преземани против г-дин Гроздан Цветковски и дали доколку не е преземено ништо министерот планира преземање на некои мерки во врска со изјавата на овој висок функционер во Министерството за внатрешни работи, директор на Центарот за образование на кадри од областа на безбедноста.

Прашањето го поставувам бидејќи овој господин во своето интервју во весникот "Нова Македонија" од 25 март 1995 година буквално сите припадници на една националност , инаку државјани на Република Македонија генерално ги прогласи за нелојални граѓани со што сакал, или не , поттикнува меѓунационална недоверба и нетрпеливост. Барам писмен одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е тука министерот. Ќе добиете писмен одговор.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, упатувам две прашања. Првото прашање го упатувам до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство: има ли можност оризот да биде повторно ставен на списокот со гарантирани откупни цени како што е тоа случајот со пченицата, пченката, тутунот, луцерката шеќерната репка и сончогледот.

Второто прашање го упатувам до Министерството за надворешни работи.

Што ќе направи Министерството за надворешни работи со шверцот на увозниот ориз, се увезува за реекспорт, а голем дел без платена царина се продава на Кванташкиот пазар како Кочански ориз. Ова не е адекватна политика што Владата ја води спрема оризот што доведе до рапидно намалување на површините под ориз, па така до пред три години оризот се одгледуваше на површина од околу 8000 до 8500 хектари , ако следните години површините под ориз во Република Македонија значително опаѓаат, па така за оваа година едвај можеби ќе бидат посеани околу 750 хектари. Ако продолжи оваа ваква политика, мислам дека оризот сосема ќе исчезне од оризовите површини и ред е во ова време , во оваа прилика Владата да изнајде соодветни решенија, да му се даде оној третман на оризот што го имаше и до пред две-три години.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Писмено ќе ви се одговори.

Почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата имам да поставам две прашања. Првото прашање се однесува до Министерството за здравство, конкретно до министерот за здравство. Прашањето е следно: што презема, или презело Министерството за здравство во врска со затворањето на депонијата Вардариште - Скопје, со оглед на фактот дека санитарната инспекција која е во склоп на ова Министерство донесе одлука за затворање на оваа депонија пред три години. Образложението е јасно со оглед на фактот дека многу пати и многу често сме дискутирале за оваа депонија и во печатот, а и во

Собранието факт е дека на неполни 3 километри од центарот на Скопје, на 500 метри од населба Лисиче егзистира депонија која технички не одговара апсолутно на потребите , а од еколошки аспект потполно врши загадување на 80.000 жители кои живеат во овие населби

Второто прашање се однесува до министерот за труд и социјална политика г-динот Сабриу, за жал не е тука, меѓутоа, сметам дека ќе се нотира ова прашање, па ќе може да одговори идниот пат. Имено, во телевизиската емисија "Директно со Владата" г-динот Сабриу, министер за труд и социјална политика јавно изјави дека Фондот за социјално осигурување должи на пензионерите само една пензија. Сметам дека ова е погрешно толкувано, или е направен лапсус со оглед на фактот дека сите знаеме дека должи две пензии на пензионерите. Сметам дека е долг негов јавен по можност и да се извини ако е направен лапсус.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Писмено ќе ви се одговори.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Сакам да поставам едно прашање до двете министерства, мислам дека се двете министерства надлежни, Министерството за урбанизам, градежништво и човекова околина и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Имаме една појава , а верувам дека е поширока во Републиката, но особено во Тетовската околина сега повеќе се манифестира Имаме општ народен имот кој своевремено е даден на користење на одредени шумски претпријатија.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:** /продолжение/

Тие шумски претпријатија сега со тие имоти со таков некој вид арондација или некои други форми мислам дека се прават одредени злоупотреби и се отуѓува општествениот имот. Поставувам прашање што превземата овие две министерства да не дојде до таков бесправно отуѓување на тој голем општествен имот и какви мерки превземаат тоа што да е спречи на време, бидејќи во одредени региони тие се поделени како парцели за градба во кои веќе се града објекти и приватни и колективни.

Затоа молам, прво и како одговор, но воедно инсистирам на исти мерки во оваа област. Пример за тоа можам да го посочам случајот во ШИК "Јелак" - Тетово.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, прашањето кое сакам да го поставам ресорно се однесува до Министерството за сообраќај и врски, но би бил задоволен кога би ми одговорил и претседателот на Владата на РМ.

Имено, се работи за следното: Прашувам дали Владата на РМ доби извештај од г-динот Иван Гиновски за неговата 4-годишна работа на функцијата ген. директор на јавното претпријатие ПТТ Македонија. Ако го доби овој извештај дали истиот го разгледа и дали најде факти врз основа на тој што раководеше кога ја донесе Одлуката, што за експресно негово сменување и да именува друга личност за вршител на должноста ген. директор на ова јавно претпријатие.

Во рамките на ова, ако Владата не доби, или не се потпре на документи од јавното претпријатие ПТТ Македонија , дали републичките

надлежни органи сами изработија некоја анализа која на Владата и послужи да одлучи да го смени г-динот Иван Гиновски. Ако постои таква анализа кога и во каква постапка го усвои Владата на РМ.

Би сакал ова да го образложам со следново:

Имено, г-динот Гиновски е ценет граѓанин на Битола, а истовремено тој беше еден од ретките битолчани кој што беше на една од поважните функции во Републиката. Битолската јавност е збунета и непријатно изненадена од оваа постапка кон сменувањето на г-динот Гиновски и просто не сакаме, барем оној дел битолчани со кого сум разговарал да веруваме дека е сменет во продолжение на онаа постапка за игнорирање на Битола во Републикава.

Ова особено го потпкрепувам со фактот што досега јавноста често беше информирана за успешниот развој на ПТТ Македонија под раководство на г-динот Гинвоски. Особено е непријатно и не фер што преку средствата за јавно информирање без било каков аргумент барем изнесен јавно се фрла лошо светло врз личноста на г-динот Гинвоски, со отворени алузии за божемно заклучување на штетен договор Овие алузии ги сретнавме во весниците веднаш по споменатата одлука на Владата, што целата работа уште повеќе ја заматува и помалку личи на некои сценарио од порано. Затоа сметам дека е потребно јавноста целосно да е информирана по однос на овој случај и да одлучиле односно јавноста да знае што е точно, а што не е, а за тоа сметам дека најнадлежна е Владата на РМ.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Мене не ми се познати тие стари сценарија, но мислам дека не сум оптоварен со тоа и кратко ќе одговорам на ова прашање.

Извештаите за работа на јавните претпријатија ги гледаат управните одбори на јавните претпријатија. Исто така, управните одбори ги гледаат и плановите за работа на јавните претпријатија. Јас не знам која е конотацијата што се поврзува во поставеното пратеничко прашање со извештајот, меѓутоа јасно беше кажано во образложението за донесување такво решение дека тоа решение се носи од проста причина за изминат мандат, кој што е измината на 1-Х-1994 година. Тоа значи дека ние моравме да постапиме на начин кој што постапивме, иако во она што се говори и што се пишува јас не навлегувам и не ги поистоветувам тие написи со актуелноста од носењето на таквото решение.

Значи, во надлежностите на Владата околу разгледување на извештаите и плановите тоа не е, тоа е на Управниот одбор и како што како министер ги пратам активностите да ве информирам минатата недела, минатиот петок Управниот одбор ги разгледуваше извештаите, го разгледуваше Годишниот план и ако г-динот пратеник е посебно заинтересиран со заклучоците кои што ги донесе Управниот одбор ние тие заклучоци ќе обезбедиме начин да му ги доставиме за негово запознавање.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Немам намера да навлегувам во расправа по однос на ова прашање, врз основа на она што го кажа министерот донекаде е дел од ситуацијата разјаснета и веднаш се поставува логични прашањето зошто тогаш веднаш не бил сменет кога му бил изминат мандатот. оглед на тоа што не сум целосно задоволен, образложението кое што беше дадено не ми даде за право да верувам во оние прашања кои што ги поставував да барам и писмено да ми се одговори што поцелосно образложение. Сметам дека како Парламент на Република Македонија треба да знаеме, што се случува во тоа јавно

III/4.-

**ТОМСИЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дин претседателе, почитувани колеги, членови на Влада, За последниве денови имавме едно соопштение, или званичен извештај на една видна личност од генералниот секретар на ОН Бутрос Гали. Прашањето е до Министерството за надворешни работи и до Владата. Кои мерки се превземаат за да невистините во овој извештај бидат демантирани? Дали постои координација на ова Министерство што нашите дипломати во САД и во ОН и дали во овие деманти треба да бидат вклучени сите меѓународни компетентни фактори кои што ги следеа повеќето од активностите за кои што се произнесе и почитуваниот господин Бутрос Гали.

Во писмена форма барам одговор.

Второ прашање - деновиве во соседна Бугарина под патрона на познатиот бугарски емигрант Џон Паница, а под формата на меѓународно - научна конференција за Балканот и под мотото за слободна и демократска Бугарија беа присутни и граѓани на РМ.

Прашањето е конкретно. Кој ги делегираше нив, кој ги повикал во кое својство и во која функција?

Третото прашање, е до Министерството на внатрешни работи Деновиве со доаѓањето на Пролетта повторно еден добар дел на граничниот регион кон соседна Албанија се вознемирени од несакани посети на граѓани кои што нанесуваат штети.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На прашањата писмено ќе биде одговорено.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани пратеници,

Првото прашање е зошто не ми е одговорено се уште на прашањето за проектот од мобилната телефонија. Се однесуваше до минситерот за сообраќај и врски.

III/5.-

Второто прашање, е од областа на коцкањето, а веројатно задира до министерот за финансии. Прашањето гласи: Колку коцкарници егзистираат во РМ? Кои видови на даноци се предвидени и колку овие субјекти во 1993 и 1994 година платиле по основ на тие даноци.

Исто така, дали инспекциските служби, девизната и други инспекциски служби направиле увид во работата на овие коцкарници и кои се нивните главни наоди?

Молам, да ми се одговори писмено, бидејќи и така министерот не е е тука.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Прашање до Министерството за стопанство. Како што ми е познато Електроспонаство на Македонија за приклучување на систем на елективната мрежа наплатува приклучна такса која прилично висока и изнесува зависно од општината, и од над 1000 германски марки. Наплатата на таксата Електромакедонија ја оправдува со потребата од инвестиции за проширување на капацитетите на Електромрежата. Поставувам прашање. Кој е критериумот за висината на таксата, за која намена се земаат таксите, особено ако се знае дека при изградба на трафостаници и пратеќа мрежа Електромакедонија бара средства од граѓаните. Во спротивно таа не ги изведува работите во конкретните случаи.

Одговорот го барам писмено:

**ТЕОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Г-дине претседателе, дами и господо, јас ќе поставам три прашања до Владата на РМ:

Првото прашање е, кога ќе се почне со изградба на браната на Оризарска Река и кога ќе се обезбеди вода за пиење на граѓаните од општина Кочани и општина Виница, и дел од оваа вода за наводнување

на полињата Виничко, Кочанско, Штипско и Свети Николско. Мислам дека оваа брана е една од приоритетните и најрентабилните засега, бидејќи вода има доста, а акумулацијата не е направена.

Второто прашање, повеќепати се поставуваше прашањето кога ќе се донесе законот за денационализација на имотот бесправно оценет од граѓаните во објекти, фабрики, машини, станбени згради, деловен простор, земјоделскоземјиште, пасишта, шуми, стока, добиток, и друг имот кој што им е одземен. Повеќе од 4 години, меѓутоа никако конечно да дојде законот за денационализација.

Третото прашање е. Не ми е јасно како можеше да се укине линијата за превоз на патници, мислам железничката линија од Скопје до Кочани. Од 27 март 1995 година е речиси укината односно само два пати во неделата сообраќа Шинобус.

По ова прашање барам добро да се обработи и размисли. Едн а ваква пруга која беше меѓу најрентабилните во изминатото денес да се укине, мислам дека треба да се изнајдат решенија на секој начин пругата да се обраќа онака како што беше пред 27 март оваа година.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Министерот не е тука за првото прашање, за второто кој ќе одговори сеедно е, а може и писмено, а г-динот Бузлевски ќе договори за третото прашање.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Факт е дека од 2 7 минатиот месец воспоставен е нов режим на одвивање на железничкиот сообраќај за воспоставување на тој режим нашето Министерство беше информирано и на предлогот нашето Министерство има соодветни забелешки. Анализирајќи ги причините

за редуцирање на возниот ред, во областа на железничкиот сообраќај оценка беше дека оној воз кој што се обраќаше Битола -Скопје и обратно. таканаречен деловен воз е неправилно укинат и од понеделникот оваа недела тој воз е повторно активиран и таа возна линија се реализира.

Продолжуваме со испитување на оправданоста околу укинувањето на возот Кочани - Скопје и ги совладуваме причините кои што тие ги имаат посочено да една од причините е недостаток на локомотиви, за што ние ќе настојуваме како Министерство редовно да се однесуваме и врз таа линија, секако ако нема некои поголеми причини за тој што таа е укината. Значи, на овој дел од прашањето, конкретно за оваа линија на железничкиот сообраќај земам,за право дополнително врз дополнителните анализи ги дадеме своите ставови ние како Министерство, а можно е и тоа веројатно ќе се вклучи тој да се обнови како воз.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, моето прашање се однесува еден дел за министерот за стопанство, вториот дел за министерот за земјоделие и водостоапнство.

Освен оние основни законски прописи донесени со јасна цел, поблиску да ја утврдат и поврзат сите учесници во производството и прометот на стоки и услуги постојат и посебни прописи, подобро речено правила на однесување или мерки за заштита на потрошувачите како безбедносни норми на производите со закон за нормализација и хармонизација во полето на безбедноста на производите како најсложена операција. Моето прашање се однесува на следното:

На кој начин безбедносните законитости се изработени на национално ниво во РМ.

Второ, какви се безбедносните законитости хармонизирани на регионално и меѓународно ниво.

IV/1.- ПЈ-ВБ

**МИРКО ТРИПУНОСКИ:** (продолжение)

Трето, кои интервладини и невладини надлежни институции работат на полето на безбедноста на производите.

Четврто, каде може да биде местото на потрошувачите во овој систем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не се министрите тука, писмено ќе одговорат.

Господинот Лазаров.

**ЈОВАН ЛАЗАРЕВ:**

Моето прашање се однесува за министерот за сообраќај и врски, а се однесува на градбата на пругата Куманово - Крива Паланка - Ќустендил. Прашањето има три потпрашања.

Прво, дали Владата е во координација со бугарската страна и дали има информации дали бугарската страна нешто презела досега за изградбата на делот на бугарско-македонската граница Ќустендил.

Второто потпрашање, дали со претходните градби, кога било тоа во 50-тите години е пробиен дел од тунелот, главниот тунел под границата и ако е дел пробиен, колкав е процентуално тој дел.

Третото потпрашање ако се првите две позитивни, одговорите ако се на првите две прашања позитивни, тогаш третото потпрашање би било зошто најпрво не се интензивира побивањето на тунелот, изгради терминал во Крива Паланка, а потоа согласно динамиката, средства и можности да се гради Крива Паланка - Куманово, со што би се овозможило композиции со нафта, челик за железара и целата таа стока од Бургас директно да доаѓа во Крива Паланка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Министерот Бузлевски.

IV/2.-

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Првиот дел на прашањето се однесуваше на што прави Владата во функција на координиран настап на изведуваше на работите на пругата. Прво, да ве потсетам. Во текот на минатата година беше изготвен и на експертско ниво утврден нацрт - текст на спогодба за железничкиот сообраќај, кој што нацрт - текст на спогодба не беше потпишан од двете страни за да стане и спогодба од познатите причини Тука беше основна причина јазикот. Што после тоа како активност Владата презема е следниов одговор:

На ниво на две министерства обавени се на повеќе пати во овие три месеци на разговори. Последните разговори се водени на ниво на заменици, министри, од кои што министерства сме информирани за она што е присутна активност на бугарската страна за изведување на нивната делница. Инаку, да кажам дека се работи за должина од 400 метри, кои што не се реализирани на бугарската страна, вредносно изразени во 5.000 долари како инвестициона активност, која што би требало да ја реализираат Бугарите. Од сите изјави кои што ги имаме добиено, имаме добиено готова спремност од бугарската страна да за идните финансиски планирања тоа да се предвиди. Тие, односно нивните објаснувања се дека со оглед на тоа што во оваа година ќе течат активностите на реализацијата на инвестицијата пруга од македонската страна, економски би било неоправдано тие да обезбедат средства, кои што не би обезбедиле целосна функција на таа инвестиција. Ние' за 18-ти овој месец имаме потврдена средба на ниво на министри, на која што средба треба покрај другите прашања што се однесуваат на реализација коридорот Исток - Запад, да разговараме конкретно и за спремноста на бугарската страна и а изведување на тие 400 должински метри.

IV/3.-

Околу проблемот со тунелот и процентуална негова пробиеност претпоставувам дека се работи за пограничниот тунел кој што е на самата граница меѓу македонската и бугарската страна. Отпочнати се некои активности на бугарскиот дел, процентуално јас сега не можам да кажам колку тоа изнесува од целата таа инвестиција, но да информирам дека во координација на нашето министерство, инвеститорот кој што ја реализира оваа инвестициона активност, целокупната должина од 6.300 метри на позиција тунели ја дефинира. И е договорена динамика за изведување на таа позиција. Рокот на изведување на таа позиција е една година од денот на отпочнувањето, а тоа е заедно со проектирањето. Тоа го кажувам за да го поврзам со третиот дел од вашето прашање, кој што се однесуваше на тоа зошто не се отпочне од позицијата граница Крива Паланка со изградба на терминал во Крива Паланка. Да информирам дека нашето министерство ја продолжи активноста, која што порано беше во владината процедура реализирана и со таа активност се сложивме како министерство за доделување на делници на четирите градежни оперативи со рамномерна должина кои што делници тие фронтално треба во исто време да отпочнат да работат. Оваа позиција тунел ќе биде нападната во време кога ќе се создадат услови тоа да се направи, затоа што целиот рок за изведување на пругата, кој што претходно беше преамбициозно оставен сега го имаме предвидено и тоа програмски преку елаборати на градежните оперативи, така што не гледаме што ние би постигнале во интерес на воспоставување таков вид на сообраќај на македонскиот дел додека не ги расчистиме сите присутни елементи од бугарската страна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Тахири.

IV/4.-

**МЕВЉАН ТАХИРИ:**

Првото прашање ми е до министерот за труд и социјална политика и гласи вака:

Какви се тие чудни критериуми според кои на хендикепираните деца кои следат настава во специјални школи за нив, им се скратува социјалната помош, која што им следи, доколку тие не посетуваат никаква настава.

Дали не треба тие дополнително да се стимулираат, имајќи го предвид напорите што ги вложуваат родителите на овие деца да ги образуваат и покрај хендикепите со кои што се судруваат.

Второто прашање е до Министерството за внатрешни работи - Градската управа за внатрешни работи на град Скопје и се однесува на неуспешните обиди, да разјаснам една ситуација со надлежните од министерството за внатрешни работи. Господинот Тосковски и г-динот Гурев со кој никако не можам да стапам во контакт, па на овој начин барам да ми се одговори на прашањето:

Од каде произлегува правото на една службеничка во Градската управа за внатрешни работи, по име Наде на 5-ти кат во Отсекот за државјанство да одзема од граѓанин решенија за државјанство дадени од Министерството за внатрешни работи.

Воедно барам од Министерството да ги повика граѓаните Беким Ајети и Исни Ајети и да им ги врати одземените решенија, без никакво решение донесено од страна на надлежниот орган.

**СТОЈАН АНДОВ:**

И овие двајца министри не се тука, писмени одговори ќе треба да се дадат.

Господин Котевски.

IV/5.-

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Господин претседателе, драги пратеници, јас имам три прашања. Првото прашање е до претседателот на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не таа можност не постои.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Прашање е дали на секоја седница можеме да поставуваме пратенички прашања, затоа што беше поинаку договорено. Тоа е првото прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, немојте, тоа е во новиот деловник, тоа е ви е поделено и кога ќе изгласаме, така ќе биде.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Второ прашање, дали вишната како земјоделски производ ќе влезе во листата на земјоделски производи кои ќе имаат стимул. Ова прашање го поставувам, бидејќи имам сознание дека од страна на Народна банка Министерството за стопанство и земјоделство се изготвува листа, а вишната не била предвидена, затоа што се манипулирала со увоз на вишна. Сметам дека треба да влезе вишната, бидејќи ние како најголеми производители на вишна од Битола ќе бидеме погодени. Ако се остваруваат стимуланси за недомашно производство, сметам дека има закони и прописи.

Второто прашање дали има можност ние од внатрешноста не мораме да идеме секој ден во Скопје за секој камион извозена роба по сертификат, дали има можност на друг начин да се организира бидејќи мислам и во подрачните министерства во градовите оваа работа може да се организира и побрзо извозот да може да се обавува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На ова прашаше писмено ќе се одговори.

Господин Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Првото прашање до министерот за сообраќај и врски сметам дека е тука, се работи за информирање мислам дека поголем број на граѓаните во кумановската општина, посебно од криворечкиот и котарскиот крај таканаречени, а не се во можност воопшто да ја следат македонската телевизија односно програмата на македонската телевизија, а се работи за околу 25 населени места. Тоа се повторува пет-шест години наназад и тој проблем воопшто не е исправен. Сепак овие граѓани морам да кажам, дека се задолжени да го плаќаат телевизискиот надомест, дури се поднесуваат и тужби за присилна наплата. Прашањето конкретно гласи:

Што ресорното министерство ќе преземе околу создавање услови, сепак и овие граѓани да ја следат програмата на македонската телевизија, бидејќи во овој момент се доведени во ситуација да ја гледаат српската, бугарската и приватните телевизиски програми. Тоа е едното прашање.

Второто се однесува за министерот за земјоделство, водостопанство и шумарство. Пак ќе кажам дека во кумановската општина е присутен еден проблем околу наплата на водниот самопридонес, посебно за користење вода од земјоделците. Проблемот се однесува на задолжителниот дел кој треба да го плаќаат. Во моментов постои неверојатно сериозен конфликт меѓу земјоделците, оние што ја користат водата и водостопанската организација. Постои присилна наплата, што министерството за земјоделство ќе преземе околу надминување на еден сериозен проблем, кој се провлекува не

само во Куманово, туку и во Република Македонија. Граѓаните на овој регион зборуваат јал, нејал, три ипол, и да не ја користи водата и да ја користи, мислам дека треба да плаќаат посебно оние што не ја користат. Проблемот, мислам дека е многу актуелен и има потреба за негово надминување.

Третото прашање се однесува до министерот за правосудство. Мислам дека е евидентен проблемот дека казнено - поправните институции просторно многу слабо стојат.

Дали Владата и ресорниот министер ќе преземат мерки околу подобрување на условите на лицата кои ги одржуваат своите казни. Впрочем и комисијата, анкетната комисија која направи увид на сите овие казнено - поправни домови пред една година во извештајот ги констатиравме одредени слабости. Меѓутоа, реакцијата на министерството и на Владата не беа присутни. Молам, сега е шансата сепак ресорниот министер да даде одговор.

Во рамките на ова министерство уште едно прашање поставувам Кога Законот за судовите ќе дојде во оваа собраниска процедура. Мислам дека последиците од донесување на овој закон, односно негово недонесување се очевидни, мислам дека тоа се и далекосежни. Во таа смисла го молам министерот ако може веднаш, а може и со писмена информација за тоа да не извести.

Петтото прашање јас го поставив писмено, меѓутоа, досега немам одговор од Владата. Се работи за една информација која се однесува за скорешно зголемување на цената на електричната енергија.

Прашањето гласеше:

Како зголемувањето на цените влијае на животниот стандард на сите граѓани на Република Македонија, а посебно на оние кои користат и да не кажам не примаат личен доход, да не кажам тоа се социјални случаи.

IV/8.-

Во пракса најголемиот број од сите овие лица не се во можност да ги наплаќаат сите овие трошоци, а тоа беше божем 15, а излезе некој си поголем процент. Меѓутоа, барам во таа смисла и информација од ресорното министерство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Бузлевски, министер за сообраќај и врски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Во случај кога одредено подрачја не може да се покрива со програмата на Македонската радио телевизија постапката со закон е регулирана, а тоа значи преку општината, преку локалната единица. Треба да се поднесе барање преку Министерството до Владата и Владата има право и е во нејзина надлежност да одлучи по конкретното барање. Тоа е со закон. Овие 23 населени места до сега, барем во овој период не го имаат покренато тоа прашање. Покренато е прашањето од Гевгелија, од општина Гевгелија и во процедура тоа прашање е ставено пред владините органи. Тоа е одговор на тој прв дел од прашањето.

Вториот дел од прашањето се однесуваше на, што се презема за надминување на состојбата. Вас ви е познато дека изминатиов период не му даваше можност на македонската радио телевизија од аспект на односот со наплатувањето каков што беше воспоставен со одлуката на Уставниот суд таа амбициозно да ги планира своите инвестициони активности, па макар ги оние во делот на одржувањето.. Со овие нови моменти, иако и по носењето на законот процентот на наплата е некаде 50%. Се стекнати минимум материјални услови за интервенирање во најсуптилните делови до опремата на македонската радио телевизија, па во тие рамки се прави во рамките на Македонската радио телевизија она што е најнужно. А за покрупни, поамбициозни планови со концептот за трансформација на македонската радио телевизија и новиот закон за радиодифузија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали пратеникот е задоволен со одговорот? Нема дополнително прашање, нели? Нема. Молам.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Во врска со првото прашање за состојбата во КП домовите во РМ да го известам Собранието дека ова Министерството откога сум јас на чело на Министерството за правда поднесе опширна информација за таа состојба до Владата со предлог мерки. Во информацијата беше констатирано дека условите во КП Домот Идризово се под стандардите од причините што стана збор за стара руинирана зграда градена многу одамна и каде што подсистемите или системите како што е водоводот, греењето, инсталациите за струја и други просто не можат да се санираат трајно. Направена е пресметка на потребите поврзани првенствено со КПД Идризово и со многу лошата состојба во некои судови од РМ исто така е поврзано со изградбата на новата судска зграда првенствено за Судот Скопје II, чија што состојба ја знаете. Сумата потребна за да може во оваа година да се обави нормалната динамика за градбата на оваа зграда, судска, и да се интервенира поцелосно во инсталациите во КПД Идризово и неговото подобрување и во 3-4 судови што се наоѓаат во Републиката на мошне ниско, мизерно ниво изнесува 400 милиони денари. Вкупно за сите потреби на судството и казнено поправните домови вклучително на тековното одржување на ова Министерство во Буџетот и за опрема на судовите и КП Домовите почнувајќи од возила до машини за куцање, други материјали за нормално функционирање одобрени се вкупно 52 милиони денари, што

значи со неа воопшто не ја овозможува динамиката на решавањето на проблемите.

По настаните во КПД Идризово се подготвува комплетна анализа за санирање на ситуацијата и се разбира на просторот и на условите на издржувањето на казните, се разбира исчекорување создавање до одредена степен подобри услови. Се разбира дека сето тоа треба да биде финансиски проследено, инаку, се друго останува како констатирана состојба, предложени мерки и непостигнати резултати. Само да го потсетам ова Собрание дека ова Собрание има донесено одлука за изградба во новиот среднорочен план од 5 години на нова зграда за затвор во Идризово за што не е воопшто мрднато со прст, бидејќи за да се мрдне со прст треба да се плати проектот или да се издвојат средства за проектот. Неопходно во КПД Идризово да се изгради зграда за затвор во која ќе се издвојат наркоманите, алкохоличарите и психопатите од другите категории на осудени лица и на тој начин ќе се вклучиме на она ниво на кое ќе се изгради и на кое ќе функционира таа зграда во една нужна, нужна концепција и стандард во меѓународната заедница според која практично ќе бидеме оценувани дали го заслужуваме членството на пример во Советот за Европа.

Не е проблем за оваа Република да ги напише законите. Ние ги напишавме законите и ги пративме во превод до Советот за Европа и Законот за судовите и Законот за локалната само- управа и измената и дополната, значи пречистен текст на Законот за кривичната постапка, а тие се најзначајни за тој Совет меѓутоа, тие нас ќе ен ценат преку КПД Идризово и условитее за издржувањето на казната од страна на осудените лица.

Што е до Министерството е сторено, се надевам дека некои мерки што ги усвои Владата на последната седница по повод II-та информација Состојбите во судството, а имено да ангажира средства во меѓувреме, бидејќи Буџетот е распределен и нема буџетска резерва воопшто, а тоа преку јавна лицитација или продажба на законски дозволен начин на стоката која е одземена со правосилна одлука како дело на прекршок, престап или кривично дело да се насочат тие средства кон КП Домовите и судовите, понатаму другите таканаречени судски депозити кои што се пропаднати и друго, и Владата во овој момент гледа некакви можности да интервенира само преку тие извори.

Се согласувам со г-динот пратеник дека во овој простор условите се апсолутно постандардни, во другите затвори условите се поинакви и практично во еден поголем број на други казнено - поправни домови ние имаме стандард на европски услови, Шутка, Охрид и тн.

Кога станува збор за второто прашање, за Законот за судовите, последиците од тоа што тој не беше донесен минатата година се многу големи и се доближуваат до една критична граница да биде блокирана работата на судството, односно да биде претрупано до таа мерка за да не може воопшто да стигне со решавање на судските спорови на ниво на 1994 година што значи еден огромен број на правни и физички лица да не можат да ги остварат своите права и интереси, а тоа значи да не можат дури ни тие да се трансформираат, што значи преку судот да се блокираат и многу други области.

Законот за судовите тој е во тек пред Владата,тој е готов, чекаме уште само 5 дена да ги добиеме забелешките на  институциите што

процедурално се надлежни да дадат забелешки на овој закон. Тоа е Врховниот суд на РМ што ја има завршено работата па го чекаме неговиот поглед кон законскиот текст, Републичкиот судски совет, Здружението на судиите и Адвокатската комора како субјекти кои што ние исто така ги одбравме како важни во сферата да дадат такви забелешки и сугестии. Реално Владината постапка овој закон може да заврши од денес на пример за 15-20 дена, тоа значи дека 21-от ден од овој ден тој закон да биде пропратен во постапка пред Собранието на РМ.

**МАРИЈАН КОТЛАР:**

Почитуван претседател, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници, моето прашање е наменето до Министерството за урбанизам и градежништво. Имено, станува збор за носењето на деталниот урбанистички план на град Охрид. Оние кои што се информирани малку подобро знаат дека овој детален урбанистички план се очекува веќе 3 децении на ниво на нашиот град. Тука постојат разни проблеми, разни дилеми, разни интереси од поединци од фирми и слично. Овој план е започнат во процедура во тек на минатата година. Изготвувач на овој план е Заводот за урбанизам на град Охрид, таканаречен план и помина на јавен увид. После јавниот увид имаше бројни забелешки од страна на граѓани, од страна на Заводот за заштита на историски споменици, од страна на Заводот за заштита на природни реткости, од страна на Друштвото на екологистите и од страна на новоформираното друштво за заштита и унапредување на животната средина.

Суштината на сите овие забелешки се состои во тоа да не с,е наруши Охрид амбиентално како што го познаваме, како што постоел во историја со векови и посебно основната стратегија која е црта на основниот план во Охрид кој е донесен пред 2 децении да Охридската специфична архитектура не се наруши. Инаку, се работи за централното градско подрачје кое е многу атрактивно и во областа на приватниот сектор и во областа на градежните фирми и во областа на луѓето кои што живеат во ова централно градско подрачје.

Според забелешките на стручните лица не се земени во предвид демографските и популационите движења, понатаму не се земени во предвид еколошките последици кои што би се наметнале како проблем со нарушување на микро климатските услови во градот доколку се дозволи високо спратни кули во централното градско подрачје кои што би имале 8 или 10 спрата. Тоа нешто би потсетувало на Капиштец во Скопје.

Не е земено во предвид исто така мнението на претставници на УНЕСКО кое што статусот на заштита на Охрид и Охридското езеро се должи токму на интакноста и презервирањето на овој наш природен ралитет. Прашањето се однесува до Министерството за урбанизам, бидејќи во процедура е разгледување на забелешките на архитектонскиот факултет и сите други забелешки кои што беа упатени за овој детален урбанистички план има некаде околу 15 пишани страници забелешки на основниот нацрт на деталниот урбанистички план, мојот апел бидејќи потекнувам од изборната единица 48 од централното градско подрачје, земајќи ги во предвид сите поплаки на граѓаните, мојот апел е да Министерството сериозно го земе предвид мислењето на сите забелешки  и посебно мислењето на Архитектонскиот

факултет во Скопје.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, малку образложението навлегува во расправа. Прашањата се формулирани, дадовте образложение, доста е.

**МАРЈАН К0ТЛАР:**

Добро, тоа беше основното.

**НАЗМИ МАЛИЌИ:**

Јас имам четири прашања: првото до Владата. Барам писмен одговор од Владата на РМ за националната застапеност односно национална структура на вработените во сите министерства кои имаат и немаат подрачни единици.

Второ прашање за Министерството за внатрешни работи. Дел од населението од селото Црн Врв се без изводи на родените односно не се заведени во матичните книги на родените. Како ресорното министерство ќе го реши овој проблем?

Трето прашање, до Министерството за здравство. Селото Црн Врв е оддалечено од град Скопје 43 км. Последна здравствена амбуланта е 20 км. од селото. Селото брои над 13 00 жители, а немаат никаква можност да им се пружи здравствена ^&штита, мислам дека ова е една тешка здравствена состој ба.

Четвртото прашање е за Министерството за образование.

До каде се постигнати работите за прошируваше на основното училиште во с. Страоготица да деца до албанска националност да ја следат наставата на мајчин јазик од V-VIII одделение.

Барам писмени одговори.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Моето прашање се однесува до министерот за урбанизам. Имено, со новата регулатива на ова Министерство при издавањето ан разни видови хигиенско - технички и други согласности за објекти од производен или услужен карактер според оваа нова регулатива на ова Министерство при поднесување на севкупната документација неопходно е и поднесување на урбанистички согласности, односно согласност за локација и согласност за градба. Прашањето се однесува како сево ова се замислува да се реализира во пракса кога е познат факт дека постојат цели населби во Скопје некаде околу 40 илјади жители во тие населби живеат кој што се условно да речам дивиградби, бидејќи не се влезени во урбанистичките планови, а се наоѓаат на километар два од центарот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, писмен одговор и на ова прашање.

**ВЕО ТАНТАРОВ:**

Пред 50-тина дена Владата која призна да ја плати разликата меѓу на РМ донесе одлука со откупната и државната  цена на тутунот. Станува

збор за околу 360 милиони денари. До денес на нашиот тутунар не му се префрлени парите односно ниту скршен денар од овие средства. Прашувам дали до Велигден ќе се добијат овие пари.

Второ прашање, нашава држава не произведува азотно ѓубриво. Сето азотно ѓубриво за потребите на нашиот аграр се увезува од соседна Бугарија. Дали надлежните служби на нашиве министерства имаат увид во увозот на ова ѓубриво, станува збор за неговиот квалитет бидејќи пролетва низ нашиве села често се слуша дека азотното ѓубре увезено од Бугарија не ги исполнува предвидените квалитети за застапеност на чиста активна материја.

Трето прашање дали горивото што нашава држава го добива на име помош пролетва ќе му биде ставено на располагање и на приватните земјоделци. Досега вакво гориво на овие беше недостапно.

И за, уште едно прашаше, во нашава држава се врши увоз и извоз на пченка, и семенска и друг вид на пченка. Комбинатот Пелагонија има за продажба околу 4 00 вагони пченка и доволно семенска пченка. Прашувам, кој врши увоз и извоз на пченка во нашава држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Писмено ќе добиете одговор.

VI/1.-/ДВ/ОМ

**ФАИК АБДИ:**

почитувани пратеници,имам една замерка околу водењето на седниците и поставувањето на пратенички прашања. Наиме, мислам дека претседателот треба да најде начин да каже дека на една од наредните седници ќе се поставуваат пратенички прашања, па да бидеме тука и да биде тука присутна Владата за да можеме да работиме. Интересно, чувствувам дека денес и без кревање на рака се повикуваат луѓето за поставување на пратенички прашања, како да однапред знаат дека ќе има пратенички прашања. Јас не знаев и еве позад 20 пати кревам рака, а претседателот не ми дава збор. Но, тоа не е битно.

Сакам да поставам две прашања.

Прво, пред месец, месец ипол дена во градот Скопје се оформи Сојуз на аматерски културно уметнички друштва и фолклорни ансамбли. Оттаму ме замолија да поставам едно пратеничко прашање до министерот за култура односно Владата. Јас тоа го правам денес. Наиме пред 5, 6 години во бившите ЈУ простори, во Македонија постоеја културно - уметнички друштва и ансамбли кои го презентираа фолклорното богатство на СР Македонија, тогаш односно на оваа нација, на националностите што живеат во РМ, освојувајќи бројни награди и признанија. Денес состојбата е многу хаотична.

Би сакал да прашам, и покрај тоа што во тие друштва се врти дел од нашата младеж и треба таму да ги учиме на едно друго воспитување. Добро е и што сега се воспитуваат со пиење , со ова со она и т.н., добро е и тоа , меѓутоа мислам дека треба малку поинаку да постапиме.

VI/2.-

Дали Владата има подготвено некој програм за да го потпомогне развојот на аматерските само дејности во Република Македонија.

Второто прашање е следното: Како што се сеќавате на 8 септември 1991 година сите граѓани на Република Македонија, без разлика на националната, верската и друга припадност излегоа на референдум и гласавме за Самостојна независна и суверена Република Македонија. Без пардон, ние создадовме држава. Донесовме Устав, донесовме Закон за државјанство.

Луѓето кои живеат на овие наши македонски простори од пред 30, 40 или 50 години, тука се присутни. Тие за да добијат државјанство едно време требаше да платат една мала сума пари. Меѓутоа, после одреден временски период треба да платат 500 долари. Тоа с е многу пари.

Имам прашање до Владата, дали Владата односно МВР не може да ја намали таа сума. Многу луѓе се жалат на тоа. Тука пред се во прашање се еден доста голем број на роми, албанци, срби, бошњаци и други националности. Се знае во тоа време можеше да се живее од Гевгелија до Триглав. Сега , бес своја вина, луѓето немаат државјанство и чекаат на соодветно решение од Парламентот односно од Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали на овие прашања има некој кој сега ќе одговори (Не).

Не ќе добиете писмен договор.

**ФАИК АБДИ:**

Уште една работа. Јас имам поставено две прашања од порано кои направија малку револт во јавноста во Република Македонија, од

"преголемо" разбирање на одредени личности или новинари, големи или мали,или квази политичари. Би сакал да добијам одговор на тие прашања затоа што за тие две прашања имам две видео касети. И од ова место ги поздравувам Битолчаните,одлично го решија прашањето, граѓаните, не власта. Многу фина работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не те разбрав добро. Ти сега постави ли прашање, или...

**ФАИК АБДИ:**

Немам одговор на веќе поставени прашања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

А, порано поставени прашања.

Добро, ќе ги видиме стенографските белешки.

Дали уште некој друг сака да постави пратеничко прашање. (Никој)

Минуваме на <u>**точка еден**</u> - <u>Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за комунални такси, со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието и мислењето на Владата Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Законодавно - правната комисија предлага Собранието на оваа седница да го разгледа и усвои само предлогот за донесување на овој закон.

Молам , кој бара збор.

Има збор г-динот Беличев.

**ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Бидејќи сум еден од предлагачите на законот за дополнување на Законот за комуналните такси, изнесувам мислење дека се прифаќа предлогот ЗПК на денешната седница да се произнесеме само по предлогот за донесување на законот за дополнување на Законот за комунални такси, од причините изнесени во извештајот од ЗПК.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за комунални такси.

Кој е за молам, да крене рака?

Г-дине Беличев, Вие го повлекувате само текстот на Предлогот на закон, а не предлогот за донесување (да).

Кој е за молам, да крене рака? (51)

Дали некој има против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање?

Ве молам, за да констатирам , мора да утврдиме колку пратеници имаме во салата.

Ве молам да се утврди точен број на присутни пратеници

Во салата се присутни 57 пратеници.

Бидејќи немаме доволен број на пратеници во салата, не вреди гласањето.

Предлагам пауза од 10 минути.

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,30 часот) Продолжуваме со работа.

Бидејќи гласањето го изведовме во услови, после кое констатиравме дека нема присутни во салата 61 пратеник, туку беа присутни 57 пратеници, сега ќе мораме да гласаме повторно.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитувани пратеници. Сметам дека нема никаква потреба во оваа фаза од гласање. Претседателот малку деловнички ја избрза работата, бидејќи ние имаме Предлог за донесување на закон по кој треба да отвориме расправа доколку предлогот биде усвоен тогаш преминуваме кон заклучок, дали ќе расправаме по Предлогот на законот. Мислам дека, согласно Деловникот, треба да се води расправа и по овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

По што да се води расправата?

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Расправата треба да се води согласно Деловникот, по Предлогот за донесување на закон за измена и дополнување на Законот за комунални такси.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, треба да ја следите постапката овде. Јас прашав дали некој бара збор, после излагањето на Беличев.

VI/6.-

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Претседателе, Вие не ја водите во ред постапката. Имате на дневен ред Предлог за донесување на закон за измена и дополнување на Законот за комунални такси. Се отвора претрес по Предлогот за донесување на зкон. Вие веднаш го уфрливте во игра Предлогот на ЗПК кој следи после усвојување на предлогот за донесување на законот. Беспредметно беше интервенирањето на Беличев. Во извештајот, тогаш, предлагате заклучок кој се усвојува или не се усвојува. Мислам дека така треба да продолжи постапката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве сценариото е пред мене па повторно ќе го прочитам.

Вели вака:

- Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за комунални такси со , Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието и мислењето на

Владата Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Веднаш после тоа отворам претрес по Предлогот на законот и Ве информирам (тоа е во сценариото) дека ЗПК предлага Собранието на оваа седница да го разгледа и да го усвои само предлогот за донесување на овој закон. Во претресот се јави г-динот Беличев. Понатаму кога прашав дали уште некој друг бара збор, никој не се јави за збор и го заклучив претресот. Бидејќи го заклучив претресот, минуваме на тоа дали е потребно да се донесе Предлогот на закон. Тоа го давам на гласање. Тоа е постапката.

VI/7.-

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Како е напишано во сценариото, сценариото, без предметно е. Како треба да се води постапката и секретарот кој се грижи за постапката е нешто друго.

Вие го заклучивте предлогот по Предлогот односно по -предлогот на ЗПК кој беше не деловнички и не согласно со одредбите.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е точно.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Јас Ви тврдам и од ЗПК и секретарот дека не е во ред и целокупното досегашно работење на овој Парламент, согласно Деловникот се одвивал така. Постапката Вие добро ја знаете и треба да ја знаете како се одвива. Прво, дали Парламентот ќе го усвои Предлогот за донесување на закон, а потоа друго е прашање дали ќе расправа по Предлогот на законот. Предуцуирање на прашања нема никаква потреба за предлогот на законот. Мислам дека треба да си продолжиме со работа како што работевме досега по голем број на закони, како што е регулирано во деловникот, а сценариото мислам дека е беспредметно.

**СТОЈАН АДНДОВ:**

Јас се извинувам, Ве молам, овде има некое недоразбирање. веројатно тука нешто не е јасно.

Ве молам ЗПК предлага Собранието на оваа седница да го разгледа и усвои само Предлогот за донесување на закон. Должен сум да Ве информирам и тоа ве информирав и ништо натаму. Понатаму отворив претрес, во отворениот претрес е и тоа соопштение и за збор се јави еден од предлагачите, г-динот Беличев. Г-динот Беличев, овде

всушност, само сега како предлагач , како еден од предлагачите го даде истиот предлог што го даде и ЗПК, да не се расправа сега за Предлогот на законот туку само првата фаза , сега да одиме да донесеме заклучок дека се усвојува да се донесе предлогот за донесување на законот. Тоа е, тоа што ние досега го завршивме.

Сега, за тоа дали се усвојува да се донесе закон, предлогот за донесување на закон треба да гласаме. Тоа гласаме ние, не гласаме друго и кажав дека тоа го гласаме. ве молам тука е некој неспоразум. Никогаш не сум рекол дека предлогот го гласаме. Не е точно тоа. Еве пак ќе Ви го прочитам:

Му предлагам на Собранието да го усвои следниот заклучок

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за комунални такси.

Молам, кој е за нека крене рака? (66)
Дали има некој против? (Никој)
Дали некој се воздржува од гласање? (1)
Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Бидејќи предлагачот го промени својот Предлог и предлага да се усвои само Предлогот за донесување на законот, предлагам сега да го донесеме и следниот заклучок:

Предлагачот врз основа на извештаите до комисиите да подготви предлог на закон.

Кој е за молам, да крене рака? (71)
Дали има некој против? (Никој)
Дали некој се воздржува од гласање? (1)
Констатирам дека заклучокот е усвоен.

VI/9.-

Минуваме на **<u>втората точка</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за дирекција за цивилна воздушна пловидба со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дирекција за цивилна воздушна пловидба.

Кој е за молам, да крене рака? (72)

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласаше? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам, да крене рака? (66)

VII/1/РД/лј

**СТОЈАН АНДОВ:**

66 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? Не

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандмани на називот член 1, за член 2, членовите 3, 4 став 1, 5 став 1, и 2, 6,7, 8, 9, 10 и 11. Член 4 став 1 и 2 член 5 став 2 и член 2 став 2 и член 10 став 2. Член 6 за бришење на член 7, член 10 став 1 и 2 и член 11 и за бришење на член 12.

Комисијата за сообраќај и врски поднесе амандман на член 4, 5 и 10. Комисијата за политички систем поднесе амандмани на член 1, 4, став 2, 5, став 2 и 10 став 2, член 3 алинеја 8, за бришење на член 7, член 10 став 1 и 2 и член 11.

Отворам претрес по амандманот на називот на Законот поднесен од ЗПК. Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од Законодавно - правната комисија. Со овој амандман се согласил повереникот.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 1, 4, 5 и 10 поднесен од Комисијата за сообраќај и врски и од Комисијата за политички систем.

Со овој амандман се согласил повереникот.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам дали Владата ги разгледа овие амандмани после седницата на Комисијата, затоа што повереникот се согласил со тие амандмани.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од ЗПК. Со овој амандман се согласил повереникот.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 алинеја 8 поднесен од Комисијата за политички систем.

Со овој амандман се согласил повереникот.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на членовите 3, 4 став 1, 5 став 1и2, 6, 7, 8, 9, 10, 11 поднесен од Законодавно - правна комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата ги прифаќа амандманите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 и 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 2 и член 10 став 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 6 поднесен од ЗПК. Со овој амандман се согласил повереникот.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за бришеше на член 7 поднесен од ЗПК и Комисијата за општествено политички систем.

Со овој амандман се согласил повереникот.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифати амандманот на ЗПК и на Комисијата за политички систем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 1 и 2 и на член 11 поднесен од ЗПК и Комисијата за политички систем. Со овој амандман се согласил повереникот.

го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 12 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (79)

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дирекција за цивилна воздушна пловидба.

Минуваме на **<u>точката 3</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за судските такси, со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за усвојување на Закон за изменување на Законот за судски такси.

Кој е за, молам да крене рака? (76)

Дали е некој против?(Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (78)

Дали е некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање(1)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

**ЉУПЧЕ МЕШКОВ:**

Само една напомена во Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет стои дека Комисијата за финансирање и буџет констатира дека практично процентуално многу се зголемуваат судските такси и тоа

зголемување по сознанијата што ги добивме после седницата од Законодавно - правната комисија може да се види дека тоа е од 500 до 5000 насто на постојните судски такси и од тој аспект заклучивме на Комисијата за финансирање и буџет до седницата на Собранието до пратениците, министерот за правда да даде одредено образложение за финансиските ефекти од овој закон, околу зголемувањето на судските такси, од причина што во образложението на законот нема податоци кои се финансиските ефекти од донесувањето на овој закон, колкаво е просечното зголемување на судските такси, а се од аспект на тоа со едно страхување дека може би ваквите драстично зголемени судски такси ќе влијаат на остварувањето на правата на граѓаните пред надлежните судови.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Министерството и Владата тргнаа од констатацијата дека екстремно се нереални судските такси според постојниот закон за судски такси, дека тие во огромна мера ги стимулираат баналните судски предмети кои што симболички по исказот на Врховниот суд со количка им ги доставуваат до врховниот суд и на тој начин се претрупува судството со такви предмети и се прави неажурност за реалните судски предмети.

За да . бидам документиран ќе прочитам какви се. судските такси за различни предмети во сите судски постапки и да видите од која база подигнати истите од 500 до 6000% реално во апсолутни бројки сегашните судски такси што се предлагаат воопшто не се од таква големина која што ќе го попречи пристапот на граѓаните до судот и остварувањето на нивните уставно законски права и интереси. Во процесот на извршната постапка служба според постојниот закон се

покренува за 10 денари. За жалба и ревизија против пресуда која што може да го активира целиот судски систем до врховниот суд може да се покрене со 20 денари. За судска пресуда и судско порамнување се плаќа 20 денари. Во вон процесната постапка за Предлог за поведување во процес на постапка од 14 до 2 0 денари. За судска одлука 30 денари. За порамнување 20 денари. За решение за наследство од 20 до 400 денари. За составување на судски тестамент 30 денари. За заверка на потпис 4 денари. За завека на препис 6 денари. Во кривичната постапка приватна тужба 60 денари. За првостепената пресуда 20 денари. За жалба 30 денари. За тужба против управен акт и покренување пред Врховен суд на Управен спор 20 денари. Само уште ова. За упис на фирма во судски регистар 100 денари. Сега што значи 5000% или 50 пати покренати. Тоа значи следното: За препис на потпис, односно заверување на потпис или препис тоа значи 100 денари да се плати или 200 денари да се плати. Понатаму во Предлогот на закон 3000% се однесува на пример Предлог за отворање на стечајна постапка се плаќа 600-тини денари. За предлог за присилно порамнување исто така се плаќа 600 денари. Еве го процентот од 6000% кој што создава заблуда. Практично методологијата е погрешна во апсолутни бројки. За пријава за упис во судски регистар на фирма се плаќа такса од 1200 денари тоа значи дека со претходните 20 денари означува 6000% покачување. Даљиѓзначи создавање на пречка на пристап кон судот поради таксата која што за нова фирма за регистрација изнесува 1200 денари. Сите ако ви ги пребројам ќе видите дека екстремните како што кажа почитуваниот пратеник проценти од 5000% до 6000 или 4000во апсолутни бројки даваат една друга слика. Што значи да се манипулира само со проценти, при што процентната база претходната такса, а процентот или неговата индексација е сегашниот процент е методологија која што создава

заблуда, создава една нереална вознемиреност кај граѓаните, а фактички ако се прочитаат од почетокот до крајот во апсолутни бројки реалните судски такси ќе се види дека тие практично со предлогот значат само пореално преоценување и претпоставување на судските такси кои што евентуално ќе ги елиминираат баналните предмети. Само за илустрација во Делчево има случаи има и во други судови каде што едно лице води по 20 до 25 спорови бидејќи за една кутија партнер тој може да го активира и постојано да го држи во заседание судскиот совет односно судот .Притоа да констатирам конечно дека предложените судски такси во апсолутни бројки се само едно по реално нивно поставување дека нема да претставуваат реалните интереси и права пречка за пристап во судот и да информирам дека странката која што е сиромашна или која што нема средства е заштитена со една генерална одредба во сите процесни закони и во Законот за судот, имено таа може врз база на сопствено барање и одлука на Судот да биде ослободена од плаќање на такса, ако станува збор за таква странка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандман на член 5 тарифен број 1 точка 2 и на страна 21 за заменување на зборовите "тарифен број 14" со зборовите:"тарифен број 34"со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор? Го заклучувам претресот по текстот и Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (72).

Дали е некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за судските такси.

Минуваме на **<u>точката 4</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за просветна инспекција.</u>

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за просветната инспекција.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието и со стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието да се достават до Владата на Република Македонија и Министерството за образование и физичка култура.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (80)

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **<u>точката 5</u>** - <u>Предлог ма одлука за потврдување на годишната сметка на Народната банка на Република Македонија за 1993 година.</u>

Предлогот на одлуката, годишната сметка, извештаите на работните тела на Собранието и мислењата на Владата Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлог на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор? Го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (76) Д

али е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за потврдување на Годишната сметка на Народната банка на Република Македонија за 1993 година.

Минуваме на **<u>точката шест</u>** - <u>Предлог на одлука за потврдување на Финансискиот план на Народната банка на Република Македонија за 1994 година.</u>

Предлогот на одлуката, Финансискиот план и извештаите на работните тела на Собранието, мислењето на Владата ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на одлуката и го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (75 пратеници гласаа за).

Дали е некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за потврдување на Финансискиот план на Народната банка на Република Македонија за 1994 година.

Минуваме на **<u>точката 7</u>** - <u>Предлог на одлука за потврдување на Годишната сметка на Народната банка на Република Македонија за 1994 година.</u>

VIII/2.-

Предлогот на одлуката, Годишната сметка, извештаите на работните тела на Собранието и мислењето на Владата ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на одлуката и го ставам на гласање.

Молам, кој е за, да крене рака? (76 пратеници гласаа :

Дали е некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за потврдување на Годишната сметка на Народната банка на Република Македонија за 1994 година.

Минуваме на **точката 8** - Предлог на одлука за потврдување на Финансискиот план на Народната банка на Република Македонија за 1995 година.

Предлогот на одлуката, Финансискиот план, извештаите на работните тела на Собранието и мислењето на Владата ви се доставени, односно поделени.

Отворам општа претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас би го замолил претставникот, предлагачот на материјалот во врска со Одлуката за финансискиот план на Народната банка за 1995 година во планираните приходи од камати по основ на девизните

средства на сметките на Народната банка кои што се водат во странство, по кои основи се предвидуваат приходи од 300 милини денари, да даде дополнителни објаснувања за структурата и каматите врз основа на кои овие пари се добиваат, зашто во образложението е дадено така малку нејасно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали друг бара збор?

Има збор господинот Неновски, заменик гувернер во Народната банка на Република Македонија.

**НЕНОВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници станува збор за нередовни приходи што ги остварува Народната банка на Македонија со пренесување на девизните резерви со кои што таа ракува, затоа што девизните резерви се поделени во два дела. Со едниот дел таа ракува, а со другиот дел ракуваат деловните банки и оваа година сметаме на просечна вредност од просечен износ од девизните резерви некаде меѓу 150 и 160 милиони долари кои што се трансферирани на наши сметки во повеќе од дваесетина банки, кореспондентни банки во светот и во зависност од потребата за плаќање на обврските на Републиката и одржување на нејзината девизна ликвидност ги орочуваме на одредени рокови, месец, два, три, шест до 12 месеци, зависно од тоа какви се потребите за регулирањето на таа ликвидност и се разбира гледаме со широко отворени очи во која банка колкави камати се даваат, тргнувајќи од начелото на ликвидност сигурност, рентабилност во пласирањето на тие средства. Моменталната состојба, знаете некаде е 165 - 166 милиони долари, до крајот на годината според она како е планирано оваа година ќе ги зголемиме со дополнителни шеесетина милиони, значи просечна

вредност некаде 160 милиони долари и оттаму е извлечена бројката на 300 милиони денари приход, најзначајниот дел на приход на Народната банка на Македонија за оваа година.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Молам, кој е за, да крене рака?

80 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за потврдување на Финансискиот план на Народната банка на Република Македонија за 1995 година.

Минуваме на **точката 9** – Предлог - одлука за објавување избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија.

П|5едлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

74 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за објавување избор на судии на Врховниот суд на Македонија.

Минуваме на **точка 10** - Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување на индивидуален работоводен орган на Заводот за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид "Димитар Влахов" - Скопје.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

77 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Заводот за рехабилитација за деца и младинци со оштетен вид "Димитар Влахов" - Скопје.

Минуваме на **точката 11**- Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Техничкиот факултет во Битола.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака

78 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претставници на Советот на Техничкиот факултет во Битола.

Минуваме на **точка 12** - Предлог на одлука за именување членови на Комисијата за утврдување предлог на можни кандидати за декан на Техничкиот факултет во Битола.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака?

80 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување членови на Комисијата за утврдување предлог на можни кандидати за декан на Техничкиот факултет во Битола.

Минуваме на **точка 13** - Предлози за разрешување на судии на Врховниот суд на Република Македонија.

Предлозите на Републичкиот судски совет за разрешување на Петар Најданов и Даринка Стојановска, судии на Врховниот суд на

Република Македонија и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување на Петар Најданов од функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија, го ставам на гласање.

Кој е за предлогот за разрешување, молам да крене рака?

74 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Петар Најданов е разрешен од функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Предлогот за разрешување на Даринка Стојановска од функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија, го ставам на гласање.

Кој е за предлогот за разрешување, молам да крене рака.

77 пратеници гласа за.

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Даринка Стојановска е разрешена од функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Минуваме на **точка 14** - Предлог на одлука за избор на членови на Одборот за одбележување на 50-годишнината од основањето на ООН.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

VIII/8.-

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

77 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за из бор на членови на Одборот за одбележување на 50-годишнината од основањето на ООН.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Шеснаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 15,15 часот).